# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и деветтата (тематска) седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.7.2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и деветтата (тематска) седница на Владата**
**на Република Македонија, одржана на 17.7.2018 година**

Седницата започна во 8:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и еврокомесарот за европска добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан и амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

*
*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за концептот и структурата на преговори за пристапување на Република Македонија во Европската Унија

2. Прашања и предлози

*
*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, им посака добредојде на еврокомесарот за европска добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан и амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар.

Премиерот Заев истакна, дека само три недели после објавената голема вест, дека Република Македонија доби датум за почеток на преговори со Европската Унија, на оваа седница на Владата на Република Македонија, се утврдуваат концептот и структурата на преговорите за пристапување кон полноправно членство на нашата земја во Европската Унија и со тоа се означува стартот на скрининг процесот.

Претседателот на Владата Зоран Заев, додаде дека во претстојниот период претстои напорна работа и останува да се покаже напредок во однос на институционалната демократија, политичка стабилност и доброто владеење – со услови за независно судство, за слободата на изразување, за ефективна Влада и јавна администрација и со јасна определба за борба против корупцијата, кои, истовремено ќе бидат големи придобивки за граѓаните.

Еврокомесарот за добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан ја поздрави заложбата и ангажманот на целата Влада, во спроведувањето на итните реформски приоритети, притоа порача да се продолжи со спроведувањето на реформите и да се даде приоритет на клучните прашања како што се судството, јавната администрација и реформата на безбедносните служби.

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, се заблагодари на еврокомесарот Јоханес Хан за неговиот личен ангажман и истакна дека Секретаријатот за европски прашања во смисла на својата надлежност е подготвен и активно работи на итните реформски приоритети, со осврт на Планот 18 и Националниот план за усвојување на европското законодавство.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, истакна, дека суштината на мандатот на оваа Влада е да изгради европска демократија во којашто ќе владее правото. Исто така, се заблагодари на еврокомесарот Јоханес Хан и неговиот тим.

Поаѓајќи од Заклучоците од Советот за општи работи од 26.6.2018 година, потврдени на Европскиот совет од 28.6.2018 година, со кои се дефинира патот за отворање на пристапните преговори во јуни 2019 година, имајќи ги предвид надлежностите на Секретаријатот за европски прашања утврдени во членот 40-б од Законот за Владата на Република Македонија, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Во насока на обезбедување на соодветна подготовка и координација на пристапните преговори за членство во Европската Унија, се назначува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања за главен политички преговарач и шеф на Делегацијата за преговори со Европската Унија.

2. За заменик на главниот политички преговарач-главен технички преговарач и шеф на техничкиот преговарачки тим, се назначува м-р Бојан Маричиќ, посебен советник за евро-атлантски интеграции во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата и Министерството за надворешни работи, а по претходна консултација со сите засегнати страни, да подготви информација со Предлог-концепт за преговарачка структура и соодветни акти до крајот на јули 2018 година и истите да ги достави за усвојување до Владата.

Истовремено, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, ги информира членовите на Владата дека заменик-шеф на државната делегација за преговори со Европската Унија е министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:05 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |